АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

**Декември, 2021 година** **Бр.12**

## Одржан последен јавен состанок на АВМУ за 2021 година



Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 24 декември го одржа последниот јавен состанок за 2021 година, кој поради состојбата со корона вирусот се реализираше преку видео конференциска врска. На состанокот, директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски, направи пресек на реализираните активности согласно Годишната програма за работа во изминатите три месеци.

Присутните имаа можност да слушнат за активностите поврзани со мониторингот на изборното медиумско известување на радиодифузерите за локалните избори, спроведените надзори врз радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, давателите на АВМУ по барање, издавачите на печатени медиуми, изречените мерки јавна опомена, активностите на полето на меѓународната соработка.

На состанокот беа презентирани и наодите од Студијата за можностите за воведување на дигитално радио во земјава, која за потребите на Агенцијата ја изработи Таргет комуникации. Целта на Студијата беше да се направи анализа на постоечката инфраструктура (приемничка база, предаватели) за воведување на дигитално радио и да се истражат можностите што ги нуди DAB/DAB+ технологијата. Со Студијата, имајќи ги предвид анализите од техничка и комерцијална природа, се предлага воведување на DAB+технологијата на наменски мултиплекс со тоа што правото за оперирање би било доделено на ЈП Национална Радиодифузија. Дополнително, за да се направи успешен премин од FM кон DAB радио емитување, предложено е да бидат преземени активности со кои ќе се надминат идентификуваните ризици (голем број фм радио приемници, економска исплатливост на инвестицијата, соодветна промоција на новата технологија).

На состанокот се дискутираше и за резултатите од Анализата за можностите и потребите за воведување на DVB-T2, исто така, подготвена од Таргет комуникации. Потребата за оваа Анализа произлезе од обврските и праксата на Агенцијата за следење и давање препораки за воведување на нови технологии во сферата на медиумите, односно во делот на преносот на медиумските содржини. Анализата содржи опис на сегашната состојба со дигиталното телевизиско емитување, истражени се можностите што ги нуди DVB-T2 технологијата и дадени се препораки и предлози за нејзиното воведување. Врз основа на анализите од техничка и комерцијална природа предложено е DVB-T2 технологијата да се воведе во 2026 година. Во меѓувреме, препорачано е да се преземат активности со кои ќе се надминат одредени ризици (слободен капацитет на постоечките мултиплекси, големиот број DVB-T приемници, неможноста за истовремено емитување на бесплатните канали во DVB-T и DVB-T2 заради немање дополнителни фреквенции) и да се подготви план за воведување на DVB-T2 технологија.

## Радијата можат доброволно да пријавуваат емитување домашна музика заклучно со 5 јануари 2022 година

На 10 декември, Агенцијата информираше дека во врска со законската можност на радијата за доброволно пријавување процент на емитување домашна музика, радијата коишто ќе се одлучат да емитуваат домашна музика во 2022 година, со цел намалување на надоместокот на дозвола, истото треба да го пријават во Агенцијата **најдоцна до 5-ти јануари 2022 година**.

За доброволно пријавениот процент на домашна музика, односно на музика на македонски и на јазиците на етничките заедници, минималното намалување на надоместокот по оваа основа може да биде 10%, а максималното 30%. Радио програмските сервиси можат да емитуваат и повеќе од 30% музика на македонски јазик и на јазиците на етничките заедници, но намалувањето на надоместокот за дозвола ќе биде 30%.

Пријавувањето се врши со доставување допис од страна на радиодифузерот (со печат и потпис) по електронски пат на contact@avmu.mk.

Известувањето за можноста за доброволно пријавување за емитување домашна музика е достапно на веб страницата www.avmu.mk



# *NEWSLETTER*

## Надзори врз радиодифузери, ОЈЕКМ и даватели на АВМУ по барање

### Радиодифузери

Редовни програмски и административни надзори за повеќе законски обврски – употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите, емитување дневно најмалку 4 часа програма на радио, емитување на доброволно пријавениот процент македонска музика, правилата за емитување комерцијални комуникации, обезбедување квизови или други облици на наградно учествување, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање и емитување игри на среќа, обврски коишто се однесуваат на објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни на корисниците и објава на идентификација на радиодифузерот се извршени врз радијата Марија-Благовест од Струмица, Универзитетско радио УКЛО ФМ од Битола, Универзитетско радио Студент ФМ 92.9 од Скопје и Универзитетско радио УГД ФМ од Штип. При надзорите беше утврдено дека Универзитетско радио Студент ФМ 92.9 од Скопје на програмата емитувана на 4 декември 2021 година, не ги обезбеди информациите коишто треба да им се направат достапни на корисниците.

По добиена претставка од физичко лице, извршен е вонреден програмски надзор врз ТВ Алфа за почитувањето на обврските за заштита на малолетната публика. При надзорот беше утврдено дека првите четири епизоди од играниот серијал „Величествениот“, емитувани на 30 ноември, на 1, 2 и на 3 декември 2021 година, беа погрешно категоризирани и означени како програма од втора категорија (+8) и беа емитувани во несоодветен временски период од денонoќието, односно пред 20:00 часот.

Откако помина периодот за законско усогласување, врз Радио Лав од Охрид е извршен контролен административен надзор за обврските да објави на сопствената програма податоци за сопственичка структура, одговорниот уредник/уредници и податоци за изворите на финансирање во претходната година, и до Агенцијата да достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Надзорот покажа дека во целост е постапено по Решението за изрекување мерка јавна опомена.

### Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Редовен програмски надзор за обврските коишто се однесуваат на регистрација на програмски сервиси во Агенцијата, титлување на програмите коишто ги реемитуваат операторите и обврската во програмскиот пакет кој го нудат операторите задолжително и бесплатно да се содржани програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис е извршен врз операторот Мтел од Скопје. При надзорот е констатирано дека кабелскиот оператор за своите корисници реемитува програмски сервиси коишто не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата.

Редовен програмски надзор за обврската во програмскиот пакет кој го нудат операторите задолжително и бесплатно да се содржани програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис е извршен и врз операторот Тотал ТВ. При надзорот е констатирано дека кабелскиот оператор во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси „МРТ 2“, „МРТ 3“, „МРТ 4“ и „МРТ 5“.

Извршен е и еден контролен програмски надзор врз операторот Мтел, откако помина периодот за законско усогласување со изречената мерка упатена заради реемитување нерегистрирани програмски сервиси. Надзорот покажа дека во целост е постапено по Решението за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на спорните ТВ канали.

### Даватели на АВМУ по барање

За обврските коишто се однесуваат на пренесување на кинематографски дела, заштита на малолетните лица и промоција на производство и пристап до европски дела, извршени се редовни програмски надзори врз давателите на АВМУ по барање Свод Мастер, Неотел и Македонски Телеком. При надзорите не се констатирани прекршувања.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

## Изречени мерки јавна опомена на радиодифузери и ОЈЕКМ

Во текот на декември Советот на Агенцијата донесе повеќе решенија за преземање мерка јавна опомена.

На 36-та седница која се одржа на 13 декември, Советот на Агенцијата донесе решение за преземање мерка јавна опомена за Радио Лав од Охрид. Јавната опомена на радиодифузерот му беше изречена поради тоа што и во вториот предвиден рок не ги објави на сопствената програма податоците за сопственичка структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година, и до Агенцијата не достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Советот на Агенцијата на 37-та седница одржана на 22 декември врз основа на констатации од извршени надзори каде е утврдено непочитување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми, донесе пет решенија за изрекување мерки јавна опомена. На ТВ Гурра од Кичево две мерки јавна опомена и се изречени заради неемитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела и необезбедување информации коишто треба да им се направат достапни на корисниците.
На Г-ТВ Телевизија од Гостивар три мерки јавна опомена и се изречени заради: неемитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела; непочитување на правилата за заштита на малолетната публика и необезбедување соодветен превод на албански, македонски или на турски јазик, односно на јазиците на коишто медиумот емитува програма согласно дозволата.

На 38-та седница одржана на 24 декември, Советот на Агенцијата врз основа на констатации од извршен програмски надзор каде е утврдено непочитување на обврската за регистрација на програмските сервиси кои операторот Мтел од Скопје ги реемитувал за своите корисници, донесе Решение за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на спорните ТВ канали.

На истата седница, врз основа на констатации од извршени надзори каде е утврдено непочитување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми, донесени се шест Решенија за изрекување мерки јавна опомена за три радиодифузери.
На Алфа ТВ од Скопје јавна опомена и е изречена заради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика, додека на Сити Телевизија од Скопје заради неемитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.
На ТВ Дуе од Гостивар и се изречени четири мерки јавна опомена заради: неемитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела; непочитување на правилата за пласирање на производи; необезбедување информации коишто треба да им се направат достапни на корисниците; и за необјавување податоци за импресум.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје**
**тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401**
**е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk**

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-028/2018